Врз основа на  член 22 од Законот за младинско учество и младински политики (Сл. Весник на РМ 10/20), Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри бр. 12- 923/1 од 07.04.2021 година, донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт**, Организација ЖЕНА Делчево поднесува предлог**

# Годишна Програма за работа на Младински Центар Делчево за 2026 година

**ВОВЕД**

Младинскиот центар Делчево претставува простор за информирање, неформално образование, социјализација и активно учество на младите во заедницата, во согласност со Законот за младинско учество и младински политики и Правилникот за стандарди за младински центри. Оваа Програма за работа е изготвена врз основа на потребите и предлозите на младите во Општина Делчево, стратешките определби на општината, како и Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2026 година.
Програмата ја дефинира насоката на делување на Младинскиот центар преку конкретни цели, активности, индикатори и временска рамка, со цел да се поттикне развојот, инклузијата и благосостојбата на младите.
Во креирањето и спроведувањето на оваа Програма се применува родово сензитивен пристап кој обезбедува еднаков пристап, застапеност и можности за младите. Програмата промовира вредности на еднаквост, недискриминација и активно учество, со посебно внимание на вклучување на девојките и младите жени во сите програмски активности, иницијативи и процеси на донесување одлуки. Така, Младинскиот центар Делчево не само што служи како поддршка за младите, туку и како катализатор на позитивни општествени промени.
Во реализацијата на програмата ќе се применуваат принципиза родова сензитивност. Тоа подразбира дизајн и имплементација на сите активности на начин кој обезбедува еднаков пристап, вклучување и придобивки за девојките и момчињата. Истовремено, ќе се следи застапеноста на млади жени и девојки во процесите на одлучување, учество и лидерство.

**1. Појдовна основа на Програмата за работа на Младинскиот Центар Делчево за 2026 година**

**ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**
Општата цел на Програмата за работа на Младинскиот центар Делчево за 2026 година е:
- да обезбеди квалитетна и инклузивна поддршка за младите преку простор за учење, учество, креативност и заедничко делување, со цел да се поттикне нивниот личен развој и активно вклучување во општествениот живот на локално ниво.

***Специфични цели:***

1. Јакнење на младинското учество во процесите на креирање политики и донесување одлуки на локално ниво.
2. Поддршка на личен и професионален развој на младите преку неформално образование, обуки, работилници и менторство.
3. Промовирање на волонтерството, активизмот и социјалната кохезија меѓу младите.
4. Создавање безбеден, инклузивен и достапен простор за сите млади, со посебен акцент на ранливи категории млади.
5. Поттикнување на младинските иницијативи, иновации и претприемништво.
6. Унапредување на меѓусекторска соработка со локалната самоуправа, образовните институции, граѓански организации и приватниот сектор во интерес на младите.

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

Целни групи на кои се фокусира Програмата за работа на Младинскиот центар Делчево за 2026 година се:

1. Млади лица на возраст од 15 до 29 години кои живеат, учат или работат на територијата на Општина Делчево.
2. Средношколци и студенти кои имаат потреба од простор за учење, волонтирање, изразување и развој на лични и професионални вештини.
3. Невработени млади лица кои се во потрага по поддршка за вработување, преквалификација или развој на претприемачки идеи.
4. Млади од рурални средини и маргинализирани групи, вклучително и млади со попреченост, млади Роми, млади од социјално загрозени семејства.
5. Младински организации, ученички и студентски парламенти, како и неформални групи кои работат на унапредување на младинскиот ангажман.
6. Локални институции и чинители кои имаат улога во креирањето и спроведувањето на младински политики.

## ПРИНЦИПИ НА РАБОТА

Работата на Младинскиот центар Делчево се заснова на следните основни принципи:

1. Партиципативност – вклучување на младите во сите фази на програмирање, одлучување и имплементација на активности.
2. Инклузивност и еднакви можности – обезбедување пристап за сите млади, независно од нивната етничка припадност, пол, сексуална ориентација, верување, социјален статус или попреченост.
3. Младинско водство и самостојност – поттикнување на младите да бидат носители на идеи, иницијативи и активности.
4. Неформално образование и учење преку искуство – користење иновативни и интерактивни методи за развој на компетенции кај младите.

5. Крос-секторска соработка – координација и партнерство со различни локални, регионални и национални актери за интегриран пристап кон младинскиот развој.
6. Одржливост – долгорочна насоченост на активностите и обезбедување на услови за континуирана работа на центарот.
7. Безбедна и поддржувачка средина – создавање простор во кој младите се чувствуваат почитувано, охрабрено и безбедно да се изразат.

## *ПРОГРАМСКИ ЦЕЛИ*

При дизајнот и реализацијата на активностите се применува родово сензитивен пристап со цел еднаква вклученост, видливост и придобивки за младите од двата пола, како и за младите од маргинализирани категории.

**Програмска цел 1: Активно младинско учество и граѓанска инклузија**

Подцел 1.1: Поттикнување на учество на младите во носење одлуки
Активности:

- Организирање на обуки за младинско учество и граѓански ангажман
- Отворени дебати  на тема Родово Базирано насилство и булинг
- Промоција на Законот за младинско учество преку инфо-сесии ( 1 полугодишнно)
- Едукативна работилница за креирање на програма за работи за 2026 година на Локалниот младински совет

**Подцел 1.2:** Поддршка на младински иницијативи
Активности:

- Креирање и менаџирање на проекти за младински иницијативи
- Презентации на успешни младински иницијативи

**Програмска цел 2: Развој на вештини и компетенции кај младите**

**Подцел 2.1:** Подобрување на вработливоста на младите
Активности:

- Организирање на работилници за креирање CV, интервјуа, кариерно советување
- Обуки за претприемништво, еко-иновации

**Подцел 2.2:** Поттикнување на неформално образование
Активности:

- Клубови за читање, јавен говор, филм, екологија
- Обуки за меки вештини: комуникација, тимска работа, лидерство
- Дебатен клуб и клуб на артивизам

**Програмска цел 3: Психо-социјална поддршка и благосостојба на младите**

**Подцел 3.1:** Поддршка за ментално здравје
Активности:

- Бесплатни индивидуални и групни психо-социјални сесии (еднаш месечно)

- Креативни работилници за справување со стрес и анксиозност

**Подцел 3.2:** Промоција на здрав начин на живот
Активности:

- Едукативни сесии за превенција од зависности
- Денови за здрава исхрана и физичка активност
- Едикативни сесии за семејно насилство и булинг

**Програмска цел 4:** Култура, уметност

**Подцел 4.1**: Поттикнување на младинска креативност
Активности:

- Организирање на музички и поетски вечери

**Подцел 4.2:** Вклучување на младите во слободни активности
Активности:

- Тематски филмски вечери
- Квизови, игри,

**Програмска цел 5: Информирање и комуникација со младите**

**Подцел 5.1:** Гарантирање на редовна и достапна комуникација
Активности:

- Квартален елктронски билтен со информации за активности
- Ажурирање на социјални мрежи и веб страна
- Отворен ден на младинскиот центар секој месец

***План за мониторинг и евалуација***

Овој план ги опфаќа индикаторите, методите на следење, времетраењето и одговорните лица по програмски цели.

| Програмска цел | Индикатори за успешност | Метод на следење | Временска рамка | Одговорно лице | Начин на евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Активно младинско учество и граѓанска инклузија | - Број на обучени млади лица- Број на одржани дебати и инфо-сесии-<br>Број на поднесени младински иницијативи<br>„% на учество на млади жени и мажи“ | - Листи на присутни- Фотографии, извештаи- Пријави за иницијативи | Континуирано (на 3 месеци) | Координатор за младински активности | Квартална анализа на извештаи; анкетен прашалник за учесници |

| Програмска цел | Индикатори за успешност | Метод на следење | Временска рамка | Одговорно лице | Начин на евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | Број на активности со родово<br>избалансирано учество“<br>Број на иницијативи кои промовираат родова еднаквост | | | | |
| 2. Развој на вештини и компетенции кај младите | - Број на реализирани обуки- Број на учесници- Фидбек од учесниците<br>„% на учество на млади жени и мажи“<br>Број на активности со родово<br>избалансирано учество“<br>Број на иницијативи кои промовираат родова еднаквост | - Евалуациски листови- Регистрации- Видео/фото документирање | По секоја активност | Тренинг фасилитатор / Програмски координатор | Сумирање на податоци од евалуации; полугодишен извештај |
| 3. Психо-социјална поддршка и благосостојба | - Број на психо-социјални сесии- Број на учесници на креативни работилници- Степен на задоволство<br>„% на учество на млади жени и мажи“<br>Број на активности со родово | - Записници- Анонимни прашалници за ментално здравје | Еднаш месечно (сесии)По секоја работилница | Психолог / Координатор за благосостојба | Интервјуа, месечни извештаи, групна анализа |

| Програмска цел | Индикатори за успешност | Метод на следење | Временска рамка | Одговорно лице | Начин на евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | избалансирано учество“<br>Број на иницијативи кои промовираат родова еднаквост | | | | |
| 4. Култура и уметност | - Број на културни настани- Број на посетители- Видливост на социјални мрежи<br>„% на учество на млади жени и мажи“<br>Број на активности со родово<br>избалансирано учество“<br>Број на иницијативи кои промовираат родова еднаквост | - Календар на настани- Фото/видео записи- Статистика од социјални мрежи | Квартално | Одговорен за културни програми | Анализа на настани, социјален импакт |
| 5. Информирање и комуникација со младите | - Број на објавени билтени- Број на следбеници/реакции- Фреквенција на ажурирања<br>„% на учество на млади жени и мажи“<br>Број на активности со родово<br>избалансирано учество“<br>Број на иницијативи кои | - Извештаи од ФБ/веб- Архива на билтени- Спроведени анкети | Месечно/Квартално | Лице за комуникации | Анализа на дигитални показатели, повратна информација од млади |

| Програмска цел | Индикатори за успешност | Метод на следење | Временска рамка | Одговорно лице | Начин на евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | промовираат родова еднаквост | | | | |

**Методи за евалуација:**

- **Анкети и прашалници:** пред и по обуки/работилници
- **Фокус групи:** еднаш годишно со претставници од различни младински групи
- **Клучни индикатори за перформанси (KPI):** утврдени по програмски цели
- **Годишен извештај:** финална евалуација со препораки за 2026 година

***Идентификување на ризици и мерки за нивно ублажување***

| Потенцијален ризик | Опис | Влијание врз активностите | Мерки за ублажување |
|---|---|---|---|
| Недоволен интерес и учество на млади | Недоволна вклученост поради неинформираност или недоверба | Намалена ефективност на активностите | Активна промоција, соработка со училишта и локални групи, користење на социјални мрежи |
| Недостиг на финансиски средства | Доцнење или недостаток на буџет за спроведување на дел од активностите | Одложување или намалување на планираните активности | Пристап до дополнителни извори на финансирање (донации, конкурси), флексибилно прилагодување на активности |
| Ограничена институционална поддршка | Недоволна соработка со локални институции | Потешка реализација на заеднички активности | Превентивни средби и вмрежување со институциите, застапување |
| Недостаток на стручни кадри | Недостаток на обучен кадар за специфични обуки или услуги | Намалена ефикасност и квалитет на спроведување | Вклучување на надворешни соработници, волонтери, партнери |
| Надворешни фактори (пандемии, | Надворешни непредвидени околности | Откажување на активности во живо | Прилагодување на активности во |

| Потенцијален ризик | Опис | Влијание врз активностите | Мерки за ублажување |
|---|---|---|---|
| политички кризи, итн.) | | | онлајн формат, кризен план |

**Следење и известување за реализација на Програмата**

Следењето на реализацијата на Програмата за работа на Младинскиот центар ќе се спроведува континуирано, со цел да се обезбеди навремено препознавање на предизвиците, мерливост на резултатите и подобрување на ефективноста на активностите.
Клучни елементи на процесот на следење:

- Месечни извештаи од страна на координаторот на Младинскиот центар за спроведените активности, број на вклучени млади и постигнати резултати.
- Континуирано собирање на податоци преку формулари за евалуација, листи на присуство, фотографии, медиумски прилози и анкети.
- Среднорочен преглед на реализацијата – анализа на постигнувањата и евентуално прилагодување на планот според реалноста на терен.
- Завршен извештај на крајот од календарската година кој ќе содржи:
  -Остварување на поставените цели и индикатори
  -Вклученост на младите
  -Искуства и научени лекции
  -Предлог-насоки за следната година

Одговорни лица:
Координаторот на Младинскиот центар ќе биде одговорен за редовното следење и поднесување извештаи до:

- Општината Делчево
- Локалниот младински совет
- Советот на Општината (по потреба)

Методи за известување:

- Електронски билтени
- Јавни презентации и настани
- Објави на веб-страницата и социјалните мрежи
- Извештаи за донатори (доколку има надворешно финансирање)

**Заклучок**

Програмата за работа на Младинскиот центар Делчево за 2026 година е систематски документ кој ја отсликува визијата за младинско учество, градење капацитети, личен развој и активно граѓанство кај младите во општината. Преку спроведување на разновидни активности насочени кон образование, вработливост, ментално здравје, култура, слободни активности и информирање, се создава инклузивен простор во кој младите ќе се чувствуваат слушнати, поддржани и мотивирани.

Очекуваните резултати од спроведувањето на оваа Програма вклучуваат зголемена вклученост на младите во локалното одлучување, развој на нивните лични и професионални вештини, подобрување на психо-социјалната благосостојба, како и креирање на позитивни навики за активен и здрав живот.
Оваа Програма е во согласност со Законот за младинско учество и младински политики, Стандардите за младински центри, Локалната стратегија за млади и Стратегијата за родова еднаквост на Општина Делчево. Таа го поттикнува развојот на младинскиот сектор како суштински елемент за одржлив и демократски развој на локалната заедница.
Младинскиот центар ќе продолжи да работи транспарентно, со вклучување на младите и партнерските институции, обезбедувајќи континуитет и долгорочен импакт врз младинската популација.

**Исплатата на средствата од страна на Општина Делчево ќе се вршат на начин што Организација ЖЕНА ќе доставува барање за исплата пред да се реализира одредена активност наведена во буџетот на оваа Програма. Активноста ќе биде предходно најавена.**

Предлагач на Програмата за работа на Младински Центар Делчево

Организација ЖЕНА Делчево

Делчево, 15.01.2026 година